ПЕРК
Пелагониска Ревизорска Куќа

ул. „Прилепски бранители“ бр. 16 – 4, втор кат, 7500, Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон/факс: +38948 413-856
моб.:070/208-138
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До:

ЈКП КОМУНАЛЕЦ и капитално поврзаното друштво
ТЕРМИНАЛ КОМУНАЛЕЦ ДООЕЛ ПРИЛЕП

ул. „Питу Гули“ бр.2А

Прилеп

## Извештај за консолидираните финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ЈКП Комуналец Прилеп и неговото капитално поврзано друштво (во понатамошниот текст: „Групацијата“), коишто ги вклучуваат консолидираниот извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2024 година, консолидираниот извештај за сеопфатна добивка, консолидираниот извештај за промени во главнината, консолидираниот извештај за паричните текови за годината која завршува тогаш, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

## Одговорност на раководството за консолидираните финансиски извештаи

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија како и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на консолидирани финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измама или на грешка.

## Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои се применуваат во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизија за да добиеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на консолидираните финансиски извештаи без разлика дали се резултат на измама или на грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиски извештаи на Групацијата за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не и за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Групацијата.

Ревизијата, исто така, вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење со резерва.

## Основи за мислење со резерва

1. Како што е наведено во Белешка 22 – материјални средства приложена кон консолидираните финансиски извештаи на Групацијата, истата има евидентирано материјални средства во вкупен нето износ од 116.074 илјади денари од кои на земјиште отпаѓа износот од 11.792 илјади денари. За дел од ова земјиште во износ од 8.731 илјади денари Групацијата не поседува доказ за сопственост односно истото е во сопственост на РСМ а Групацијата само го користи. Ваквото евидентирање на материјалните средства не е во согласност со МСС 1 - презентирање на финансиски извештаи и МСС 16 – НПО, така што Групацијата ги преценила материјалните средства за погоре наведениот износ.
2. Како што е наведено во Белешка 26 – Краткорочни побарувања и краткорочни финансиски вложувања приложена кон консолидираните финансиски извештаи на Групацијата, истата има евидентирано побарувања од купувачи во вкупен износ од 129.482 илјади денари (правни и физички лица). Во побарувањата од правни лица кои се во вкупен износ од 44.557 илјади денари, постари од три години се побарувања во износ од 12.280 илјади денари од кои 9.434 илјади денари се однесуваат на побарувања од (капитално поврзаното друштво). Во побарувањата од физички лица кои се во вкупен износ од 67.030 илјади денари, постари од една година се побарувања во износ од 44.983 илјади денари при што се тужени побарувања во износ од 35.954 илјади денари. . Преостанатите побарувања од физички лица заклучно со 31 декември 2024 година не се тужени, но се покренати тужби во наредниот период Останатите побарувања се во вкупен износ од 16.579 илјади денари од кои на побарувања пријавени во стечајна постапка отпаѓа износот од 685 илјади денари, на побарувања дадени на извршител износот од 1.046 илјади денари а на побарувања кои се тужени отпаѓа износот од 14.259 илјади денари и на останати побарувања износ од 588 илјади денари. Согласно погоре изнесеното наплатата на овие побарувања е неизвесна. Согласно МСС 36 – обезвреднување на средства, Групацијата во тековната 2024 година има направено соодветна исправка на дел од побарувањата, но за погоренаведените износи нема направено соодветна исправка односно нема направено вредносно усогласување на побарувањата земајќи ја во предвид нивната наплатливост со што Групацијата ги преценило средства а потценило трошоците од работењето.
3. Како што е наведено во Белешка 27 – главнина и резерви приложена кон консолидираните финансиски извештаи на Групацијата истата на 31 декември 2024 година има евидентирано основна главнина во износ од 64.892 илјади денари и истата не е усогласена со запишаната основна главнина евидентирана во тековната состојба при ЦРРСМ каде истата изнесува 162.593 илјади денари. Поради погоре наведеното ние не бевме во можност да се увериме во точноста и валидноста на евидентираната основна главнина.
4. Како што е наведено во Белешка 33.2 – Судски спорови приложена кон консолидираните финансиски извештаи на Групацијата, матичното претпријатие се јавува и како тужител и како тужена страна во голем број на судски постапки. Групацијата има тужби по однос на штета од каснување на куче во вкупен износ од 6.679 илјади денари. По основ на овие тужби Групацијата нема направено соодветни резервирања.
5. Групацијата во своите усвоени финансиски извештаи нема извршено елиминирање на меѓусебното работење и тоа на побарувањата и обврските во износ од 12.459 илјади денари, на приходите/расходите за наем во износ од 732 илјади денари и капиталот/вложувањата во износ од 310 илјади денари.

## Мислење со резерва

Освен за можните ефекти од прашањата на кое се укажува во пасусот Основи за мислење со резерва, консолидираните финансиски извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на ЈКП Комуналец Прилеп и на неговото капитално поврзано друштво на 31 декември 2024 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

## Извештај за други правни и регулаторни барања

Менаџментот на Групацијата е исто така одговорен за подготвување на консолидираниот годишен извештај за работењето во согласност со член 7, член 11, член 19 и член 27 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96 ... 208/24) како и во согласност со член 504, член 505 и член 477 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04 ... 272/2024).

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010 ... 122/2021) е да известиме дали консолидираниот годишен извештај за

работењето е конзистентен со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на и за годината која што завршува на 31 декември 2024. Нашата работа во однос на консолидираниот годишен извештај за работењето е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во консолидираниот годишен извештај за работењето се конзистентни со консолидираната годишна сметка и консолидираните ревидирани финансиски извештаи.

Консолидираниот годишен извештај за работењето е конзистентен од сите материјални аспекти со консолидираната годишна сметка и консолидираните ревидирани финансиски извештаи на ЈКП Комуналец Прилеп и неговото капитално поврзано друштво за годината која завршува на 31 декември 2024.

Прилеп, 06.11.2025

**Пелагониска Ревизорска Куќа**

**ДООЕЛ Прилеп**

Овластен ревизор

Пецко Ристески

Управител

Пецко Ристески